ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број:12-199/12

Дата: 13.12.2010

ДО
ОПШТИНА ВИНИЦА

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (637) на Општина Виница за 2009 година.
При ревизијата беа земени во предвид препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2005 година, при што е утврдено дека по најголем број од препораките е постапено. Не се спроведени препораките кои се однесуваат на набавките и евидентирањето на набавените материјали на залиха, ниту се евидентираат промените при издавањето на истите, не се врши технички прием за објектите кои се дадени во употреба и нивно евидентирање на соодветните сметки. Дел од препораките кои се однесуваат на неправилности во постапките за јавни набавки, се надминати со промена на законската регулатива.
За финансиските извештаи за 2009 година на сметката на основен буџет (637) на Општина Виница изразивме мислење со резерва и негативно мислење за усогласеност со закони и прописи.
Во Општина Виница не се воспоставени интерни контроли кај процесот на плаќање кои ќе обезбедат доволно ниво на сигурност и ќе спречат ризик од плаќања по некомплетна и непотврдена документација од овластени лица и почитување на договорените услови за плаќање.
Извршен е трансфер на средства до здруженија на граѓани и фондации, спортски клубови, хуманитарни организации и останати невладини организации врз основа на поднесени барања, а на основа одлуки за доделување на средства од советот на Општина Виница без донесена Програма за финансирање на активностите на невладини организации и спортски клубови за 2009 година, без објавување на

оглас за доделување на средства, без програмите од барателите и без извештај за користење на средствата.
Општина Виница во 2009 година извршила набавки на градежни и електро материјали во вкупен износ од 1.722 илјади денари, за вградување на набавените материјали не беше презентирана документација.
Во услови на блокирана сметка неколку години station наназад, општина Виница во 2009 година има набавено две патнички возила на лизинг со рок на плаќање до 2011 односно 2014 година.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи кои се прикажани на страните од 11 до 13 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (637) на Општина Виница за 2009 година, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на основен буџет (637) на Општина Виница за 2005 година. За вистинитоста и објективноста на финансиската состојба на сметката на основен буџет (637) на Општина Виница под 31 декември 2005 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, како и за законското и наменското користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2005 година изразено е негативно мислење.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Марјан Костадинов, градоначалник до 31.03. 2009 година, и
- Емил Дончев, градоначалник од 01.04. 2009 година

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на

сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на сметката на основен буџет (637) на Општина Виница за 2009 година се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата/ревизорски постапки

2.1. Цел на ревизијата на:

- финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување, и
- усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да

ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 20.07. до 30.07.2010 година и од 30.08. до 02.09.2010 година кај Општина Виница од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година - спроведување на препораките

Ревизијата од точката 1.1. опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2005 година. Во Прилог 3 (прилог кон овој извештај), дадени се резултатите од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2005 година.

## 4. Наоди и препораки

Неправилностите кои се предмет на овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со одговорните лица на субјектот предмет на ревизијата и раководни лица на поодделни сектори на Општина Виница, на 02.09. 2010 година.
На ден 16.11.2010 година, примени се забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор број 12-199/4 од 18.10.2010 година од поранешниот градоначалник и забелешки број 05-368 од 16.11.2010 година од актуелниот градоначалник.
Забелешките се разгледани и е оценето дека истите не содржат нови докази за измена на констатациите изнесени во Нацрт извештајот, со исклучок на

забелешката на точка 4.3.1., која делумно се прифаќа во правец на прецизирање на наодот. Текстот на забелешките и одговорот на ревизијата се дадени во прилог кон овој Конечен извештај.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2009 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**4.1. Интерни контроли**

4.1.1. При оценка на системот на интерните контроли кај процесот на без готовинско и готовинско плаќање, ревизијата констатира дека не се воспоставени интерни контроли кои ќе обезбедат доволно ниво на сигурност и ќе спречат ризик од плаќања по некомплетна и непотврдена документација од овластени лица и почитување на договорените услови за плаќање, што не е во согласност со одредбите на членовите 5 и 7 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и членот 17 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Причините за овие ризици се следните:

- недонесените пишани процедури во кои ќе бидат дефинирани и разграничени надлежностите и одговорностите во однос на потврдување на комплетноста и веродостојноста на трансакциите;
- нема доказ дека одговорниот сметководител постапува согласно овластувањата и надлежностите пропишани во законската регулатива .

**Препорака:**
Градоначалникот на Општина Виница да ги преземе следните активности:

- да донесе пишани процедури за движење на документацијата и сите процеси во општината да се документираат на начин кој ќе овозможи следење на работењето и текот на трансакциите;
- одговорниот сметководител да постапува согласно овластувањата кои му се дадени со законската регулатива.

**4.2. Усогласеност со закони и прописи**

4.2.1. Извршениот попис на материјалните средства, ситниот инвентар и обврските спрема добавувачите за 2009 година не е во согласност со членот 31-а и 31-в од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници поради тоа што:

- од страна на пописната комисија е извршено само утврдување на состојбата на материјалните средства и ситниот инвентар на лице место и во пописните листи се наведени само називите на средствата и количината без да се внесе состојбата од сметководството, вредноста и евентуалните разлики кусоци или вишоци, и
- за обврските спрема добавувачите не е утврдена правната основа за

постоење и старосната структура на истите.
Ваквиот начин на постапување придонесува за постоење ризик од нереално прикажување на средствата и изворите на средствата и до нереални финансиски извештаи.

**Препорака:**
Стручните служби во општината да изготват интерен акт со кој ќе се утврди начинот и постапката за целосно извршување на пописот на средствата и изворите на средствата согласно Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

4.2.2. Во 2009 година во Општина Виница со статус на привремени вработувања континуирано од месец април до месец декември 2009 година преку две агенции за привремени вработувања се ангажирани 5 лица кои извршуваат работи и работни задачи и на раководни работни места. Според Законот за привремени вработувања, врз основа на договор за отстапување може да се отстапи работник за вршење на привремени работи во случај на: замена на привремено отсутен работник, привремено зголемен обем на работа, сезонска работа, работа на проекти, неспецифични неконтинуирани работи и непредвидени краткотрајни активности. Законот за државни службеници кој обезбедува еднаквост, јавност и транспарентност при вработувањето преку јавен оглас, полагање стручен испит, рангирање на кандидатите според успешноста не се однесува за вработените преку агенции за привремени вработувања.
Ангажирањето на лица преку агенции за привремени вработувања ја намалува транспарентноста при вработувањето, конкуренцијата, придонесува за субјективно постапување и ги доведува во повластена положба овие лица.
Трошоците по овој основ за 2009 година изнесуваат 1.496 илјади денари.

**Препорака:**
Градоначалникот на Општина Виница согласно потребите и можностите на општината да изврши редовно вработување на потребен број на лица согласно Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација.

**4.3. Финансиски извештаи**

4.3.1. Во текот на 2009 година од позицијата Трансфери до невладини организации со одлуки на советот на Општина Виница трансферирани се средства во вкупен износ од 1.219 илјади денари до здруженија на граѓани и фондации, спортски клубови, хуманитарни организации и останати невладини организации. Средствата се доделени врз основа на поднесени барања. Советот на Општина Виница донел одлуки за доделување на средства, без донесена Програма, без објавување на оглас за доделување на средства, без да ги добие и одобри

програмите за дел од барателите. За користењето на средствата нема извештаи. Ова не е во согласност со член 61 од Законот за здруженијата на граѓани и фондациите, членот 7 од Законот за изменување и дополнување на Законот за спорт и член 8 од Законот за локална самоуправа.
Ваквиот начин на доделување на средства создава можност за нетранспарентно, незаконско и ненаменско користење на средствата.

**Препорака:**
Општина Виница доделувањето на средствата до здруженија на граѓани и фондации, спортски клубови, хуманитарни организации и останати невладини организации, да го врши врз основа на донесена годишна програма и согласно одредбите од Законот за здруженија и фондации, Законот за локална самоуправа и Законот за спорт.

4.3.2. Од позицијата Социјални надоместоци исплатени се средства во износ од 353 илјади денари за социјална помош на граѓани. Овие исплати се вршени со решенија донесени од градоначалникот и советот на општината. За истите не постои Програма со утврдени цели и активности, донесена од Советот на општината, нема утврдени критериуми за доделување на средствата, што создава можност за субјективно постапување и одлучување при нивното доделување и ненаменско трошење на средствата. Ваквото постапување е спротивно на Законот за локална самоуправа и Законот за социјална заштита.

**Препорака:**
По предлог на градоначалникот Советот на општината согласно Законот за социјална заштита да донесе Програма за социјална заштита во која ќе се утврдат критериумите и постапката за доделување на средства на физички лица.

4.3.3. Општина Виница врши набавки на градежни и електро материјали. Во 2009 година за овие набавки направени се расходи во износ од 1.722 илјади денари. За истите не се води сметководствена евиденција за приемот и издавањето, поради што не се знае колку материјали се примени колку се издадени и употребени за потребите на општината. За трошењето на материјалите и извршување на работите не е дадена на увид документација со која се потврдува нивното вградување во конкретен објект (нема извештаи од надзорен орган, нема градежни книги, дневници, записници и слично). Овој начин на работење создава ризик за зголемено, неконтролирано и ненамеско користење на средствата со кои располага општината.
Во врска со извршување на разни градежни работи од областа на уредување на улици, тротоари и слично, за кои се трошени набавените материјали, се ангажираат физички лица граѓани, на основа склучени договори на дело помеѓу градоначалникот и лицата. Договорите се од периодот на крајот на 2008 и почетокот на 2009 година.

**Препорака:**
Изградбата на објекти (набавката на материјали и изведувањето на градежните работи) да се довери на изведувачи избрани согласно Законот за јавни набавки.

## 4.4. Користење на средствата согласно законските прописи

4.4.1. Во услови на континуирано блокирана сметка неколку години наназад, Општина Виница во 2009 година има набавено две патнички возила на лизинг во износ од 2.504 илјади денари со рок на плаќање до 2011 година за едното и до 2014 година за другото возило.
За набавка со долгорочно задолжување не се исполнети одредбите од член 50 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа. Непочитувањето на законските одредби во делот на задолжување на општината придонесува општината да се доведе во состојба да не може да ги измирува преземените обврски и да се задолжи спротивно на законските прописи.

**Препорака:**
Градоначалникот како одговорно лице за извршување на Буџетот е должен да презема активности согласно законските одредби и според реалните можности на општината без да создава долгови за идни периоди.

При увидот на правилноста и законитоста на постапките за јавни набавки ревизијата го утврди следното:

4.4.2. За набавки во износ од 2.636 илјади денари не е спроведена постапка за јавни набавки, што не е во согласност со член 100 од Законот за јавни набавки. (Прилог 4 кон извештајот)

4.4.3. Работите во врска со уредувањето на градежното земјиште, кои значат изградба или реконструкција на патишта, улици и други објекти, во Општина Виница ги извршува ЈП „Солидарност„ Виница. Основач на ова јавно претпријатие е Општина Виница. За овие работи општината не спроведува постапки за јавна набавка, туку извршувањето на истите го доверува на јавно претпријатие на основа годишна програма за уредување на градежно земјиште донесена од советот на општината.
На овој начин се нарушуваат основните принципи на Законот за јавни набавки за конкуренција и транспарентност во доделувањето на одредени работи.
Согласно член 7, 8 и 9 од Законот за јавни набавки при спроведување на постапките за јавни набавки нема иземање за јавните претпријатија основани од општината од учество во постапките за јавни набавки, поради што ангажирањето на јавните претпријатија треба да се заснова на претходно спроведена постапка за јавна набавка.

4.4.4. Спротивно на одредбите од членот 99 став 1 точка 4, по завршување на работите склучени се анекс договори и тоа:
- за изведба на армирано бетонски плочест пропуст на дол во с. Градец, со најповолниот понудувач склучен е договор на износ од 693 илјади денари во месец јануари 2009 година. Во месец мај 2009 година е склучен анекс договор на износ од 252 илјади денари. Завршната ситуација е испоставена заклучно со месец април 2009 година, а анексот е склучен по завршување на работата.
- за изградба на потпорни зидови на Виничка река со најповолниот понудувач е склучен договор во март 2009 година на износ од 453 илјади денари. Во месец мај 2009 година склучен е анекс договор на износ од 114 илјади денари, а прва времена ситуација за април 2009 година е испоставена на износ 567 илјади денари, колку е вредноста на основниот и анекс договорот.

4.4.5. За изведба на земјени работи на улица во с. Лески и во с.Трсино, на основа постапка за јавна набавка е склучен договор во 2008 година на износ 188 илјади денари. За оваа работа изведувачот фактурирал износ од 331 илјада денари што е спротивно на вредноста утврдена со договорот, што претставува непочитување на вредноста од договорот и создавање обврски на општината без соодветна документација.

**Препорака:**
Градоначалникот како одговорно лице да преземе активности за донесување процедура со која ќе се пропише постапката за склучување на анекс договори по непредвидени и дополнителни работи.

**Прифатени и спроведени корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања**

Вкупниот ефект од прифатените и спроведени корекции од страна на субјектот во текот на ревизија врз Билансот на состојба е зголемување на вкупната актива и пасива за 14.229 илјади денари, и тоа:
- зголемување на состојбата на Нематеријалните средства за износ 2.538 со истовремено зголемување на Други пасивни временски разграничувања за износ од 2.504 илјади денари и Друг капитал за износ од 34 илјади денари;
- зголемување на состојбата на Материјалните средства и Деловниот фонд за износ од 2.605 илјади денари;
- зголемување на состојбата на Активни временски разграничувања и Обврските за примени аванси за износ од 9.086 илјади денари за неевидентираните уплатени средства по основ на надомест за уредување на градежно земјиште без издадени одобренија за градење.

## 5. Ревизорско мислење

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 4.2.1. и 4.3. финансиските извештаи ги претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на основен буџет (637) на Општина Виница на ден 31 декември 2009 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.2., 4.3. и 4.4. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на сметката на основен буџет (637) на Општина Виница, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Скопје, 06.12. 2010 година

ОПШТИНА ВИНИЦА

СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2009 | 2008 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 40.013 | 51.408 |
| **Вкупно приходи** | | **40.013** | **51.408** |
| | | | |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 13.949 | 11.517 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.2. | 464 | 318 |
| Стоки и услуги | 3.2.3. | 16.321 | 13.136 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.4. | 1.970 | 14.715 |
| Социјални бенефиции | 3.2.5. | 353 | 200 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **33.057** | **39.886** |
| | | | |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 6.956 | 11.522 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **6.956** | **11.522** |
| | | | |
| **Вкупно расходи** | | **40.013** | **51.408** |

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ____________________________

*2.* ____________________________ ______________________

**ОПШТИНА ВИНИЦА**

**СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31.ДЕКЕМВРИ**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2009 | 2008 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | | 0 | 900 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.1. | 50.779 | 30.432 |
| Залихи | | 0 | 205 |
| **Вкупно тековни средства** | | **50.779** | **31.537** |
| | | | |
| **Постојани средства** | | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1. | 2.743 | 0 |
| Материјални добра и природни богатства | 4.2.2. | 4.859 | 0 |
| Материјални средства | 4.2.3. | 283.706 | 265.959 |
| Материјални средства во подготовка | 4.2.4. | 105.526 | 97.548 |
| **Вкупно постојани средства** | | **396.834** | **363.506** |
| | | | |
| **Вкупна актива** | | **447.613** | **395.043** |
| | | | |
| **Пасива** | | | |
| | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 38.724 | 29.451 |
| Примени аванси, депозити и кауции | 4.3.2. | 9.087 | 0 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.3. | 1.219 | 981 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.4. | 108.030 | 98.448 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **157.060** | **128.880** |
| | | | |
| **Долгорочни обврски** | | **1.749** | **0** |
| | | | |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 288.566 | 265.959 |
| Ревалоризациона резерва | 4.4.2. | 0 | 0 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **288.566** | **265.959** |
| | | | |
| **Извори на други средства** | 4.4.3. | **238** | **205** |
| | | | |
| **Вкупна пасива** | | **447.613** | **395.043** |

СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)

ПРЕГЛЕД
НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2009 ГОДИНА

| | | |
|---|---|---|
| | | **во 000 денари** |
| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Вкупно** |
| | | |
| **Состојба 01.01.2009 година** | **265.959** | **265.959** |
| | | |
| **Зголемување по основ на:** | **35.681** | **35.681** |
| | | |
| Набавки | 469 | 469 |
| Зголемување со попис | 22.191 | 22.191 |
| Ревалоризација на капитални средства | 13.194 | 13.194 |
| Расходување | 173 | 173 |
| | | |
| **Намалување по основ на:** | **13.075** | **13.075** |
| | | |
| Амортизација | 8.775 | 8.775 |
| Ревалоризација на амортизацијата | 4.300 | 4.300 |
| | | |
| **Состојба 31.12.2009 година** | **288.565** | **288.565** |

Република Македонија
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник
Бр. 05-368
16.11. 2010 год.
ВИНИЦА

ДО
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ул.Македонија 12/3
Скопје

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: 18.11.2010 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 12 | 199/10 | | |

Предмет:Забелешки по Нацрт-извештајот

Во врска со доставените Нацрт-извештаи на Овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи на Општина виница за 2009 година доставени со Ваше писмо бр.12-199/7 од 18.10.2010 година Ви ги доставуваме следните забелешки:

**-Сметка на основен буџет (630)**

**4.1.1.**По укажувањето на Овластениот државен ревизор, во 2010 година Одделението за уредување на градежно земјиште започна при утврдувањето на нето корисната површина на објектите кои ќе се градат, да постапува по истото.Пресметката се парафира од лицето кое ја изготвува и лицето кое врши контрола и се приложува во досието како доказ.

**4.3.1.**Надлежните служби не се согласуваат со наодот на Овластениот државен ревизор дека :

- од преземањето на базата на податоци од УЈП во врска со данокот на имот не се вршени усогласувања на состојбата на регистарот на недвижности со состојбите од Регистарот кој го води Агенцијата за премер и катастар;
- нема извршено усогласување со базата на правни лица евидентирани во Централниот регистар на РМ и Управа за јавни приходи ;

Усогласувањето на состојбата на недвижниот имот со Регистарот на Агенцијата за премер и катастар се врши **тековно и по потреба** и тоа со спроведувањето на купопродажни договори , договори за наследство и подарок на недвижен имот.

Иако согласно член 12 став 1 од Законот за комуналните такси Даночното одделение нема таква обврска, бидејќи обврзникот на таксата е должен во рок од 15 дена од денот на настанувањето на обврската или настаната промена за тоа да поднесе пријава до општинската администрација а согласно член 12 став 2 од истиот закон Градоначалникот со решение ќе ја утврди висината на таксата во годишен износ и ќе го задолжат обврзникот да ја плати таксата во рок од 15 дена од денот на доставувањето на решението, сепак секоја година врши усогласување на пријавени и одјавени правни и физички лица кои вршат дејност со Управата за јавни приходи. Податоците за сите активни правни и физички лица кои обавуваат дејност се достапни и на веб страната на УЈП.Додека помеѓу Општина Виница и Централниот регистар е склучен и Договор уште во 2007 година за користење на податоци од трговскиот регистар и регистарот на други правни лица.

**-Сметка на основен буџет (637)**

**4.2.2.**Во врска со укажувањето наведено во оваа точка а кое се однесува за

лицата кои се ангажирани преку 2 агенции за привремено вработување ,истакнуваме дека во 2010 година дел од нив се во редовен работен однос а за останатите постапката за редовно вработување е при крај.

**4.3.1.**За дел од извршените трансфери до невладини организации, Советот има усвоено Програми и тоа за :ОО на Сојуз на борците-Виница, ОО на Црвен крст-Виница и за ЦПЛИП Порака-Виница (во прилог Ви ги доставуваме ).

**4.3.2.**По предлог на Градоначалникот, Советот на Општина Виница на седницата одржана на 29.10.2010 година донесе Правилник за утврдување на критериумите, условите, постапката и висината за доделување на парична помош

**4.3.3.**Набавените градежни и електро материјали во износ од 1.722.000 денари согласно извршените јавни набавки се однесуваат на :бехатон плочки,бетонски ивичњаци,песок,цемент и електроматеријали за јавно осветлување.Бидејќи вградувањето на горенаведените материјали го вршеле лица вработени во Општина Виница и лица ангажирани по договор на дело, а под постојана контрола на вработените во Општина Виница (Киро Довичински,Стојмир Јованов и Владимир Атанасов) не се правени градежни книги ,дневници и записници.Истоварот на материјалите е вршен на локациите каде што се вградувани за да се избегнат трошоците од повторен утовар и истовар на истите, но секогаш со надзор и контрола од вработени во општината.

**Сметка на приходи на буџет на дотации (930)**

**4.1.1.**По предлог на Градоначалникот ,Советот на Општина Виница на седницата одржана на ден 30.09.2010 година донесе Критериуми за распределба на наменски дотации во областа на основното образование.

16.11.2010 год.
Виница

ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Емил Дончев

До главен државен ревизор
Тања Таневска

Од Марјан Костадинов
поранешен градоначалник
на општина Виница

...МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: 16.11.2010 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 12 | 199/9 | | |

# ЗАБЕЛЕШКИ И КОМЕНТАРИ

на нацрт извештајот на овластениот државен ревизор за извршена ревизија за 2009 год. за Општина Виница

Напомена : Забелешките и коментарите се однесуваат на деловите во време на мојот мандат

Пред да дадам некаков коментар или забелешки за одредени констатирани неправилно спроведени постапки би сакал дадам еден општ коментар.

Општина Виница беше и сеуште е со блокирана сметка .Во текот на мојот мандат беше многу тешко да се менаџира со Општината од аспект што моравме да водиме сметка едновремено за раздолжување на Општината ,а воедно и да ги запазиме сите основни функции на Општината ,а исто така имавме и желба што повеќе да се гради и инвестира во инфраструктурни проекти за доброто на граганите на Општината .

Што се однесува до долговите мислам дека се успеа воедно и да се намалат значително долговите на Општината и да се инвестираат дел од расположливите средства претежно во инфраструктурни проекти. Настојувавме да штедиме финансиски средства од ставкитге како што се:плати и надоместоци,патни трошоци, репрезентации, надоместоци за советници, купување мебели и потребни канцелариски материјали се со цел да се инвестираат повеќе финансисики средства за раздолжување и во инфраструктурни проекти што ќе значат развој за нашата Општина.

При такви услови на работа во рок од 4 години нормално е да сме направиле и некои грешки и пропусти кои вие ги наведувате во вашиот извештај.Но тие се биле ненамерни и во никој случај не сум дозволил да го оштетат буџетот на општината и граганите и сум настојувал секогаш секоја извршена работа да ја кошта Општината што помалку финансиски средства.

Исто така напоменувам дека многу ретко сум наплатувал патни сметки и други било какви трошоци освен мојот надомест за плата.Во ниту еден момент не сум размислувал финансиски да ја оштетам Општината на било кој начин а за моја лична незаконска финасиска добивка.Напротив- дури и голем дел од мојот надомест за плата сум ја трошел за помагање на граганите,спортски клубови и многу општински помали трошоци како што се репрезентации и трошоци за патување сум ги покривал од мојата плата,а поголемот дел од мојот мандат во недостаток на возило сум го користел моето возило.

Напоменувам дека цело време не сум гледал никаков личен бенефит , апосебно со оглед на тоа дека буџетот на моите фирми е 4-5 паи поголем од буџетот на Општината.

За конкретните вакви забелешки во извештајот би сакал да коментирам:

1)За извештајот -сметка на приходи на буџетот на дотации(930) - немам некој посебен коментар и забелешки ;

2)За извештајот -сметка на расходи на буџетот на дотации(937) - немам некој посебен коментар ;

3) За извештајот -сметка на основен буџет(630)- би сакал да искоментирам две работи:

10.2.1 -За да не го оптеретиме буџетот на Општина Виница со ново вработување од надвор на местото вантрешен ревизор - планирав да поставам лице веке вработен во Општината(од одделението за финасии) за која цел лицето посетуваше и обуки и

семинари,но подоцна одби и не го прифати работното место вантрешен ревизор.

10.1.4-Не се секавам да сум скучил никаков договор за издавање општински имот под наем на друго физичко или правно лице без да се спроведе претходна постапка.Евентуално тие договори биле склучувани пред 2005 год. и евентуално можеби некои од тие доколку биле истечени договорените рокови сум ги продолжил под истите услови.

4)За извештајот -сметка за основен буџет(637) ги имам следниве забелешки и коментари.

4.3.1. 4.1 Што се однесува до исплакањата на финасиски средства до здруженија на граѓани и фондови,спортски клубови,хуманитарни организации и невладини организации средствата се исплакани по претходно донесена одлука пд совет и усвоена програма или конретна активност на дотичната организација.

Доделувањата на финасиска помош на физички лица е или по одлука на совет или за помали дозволени износи директно јас како градоначалник. Тука претежно се оденсува на социјално загрозени граѓани и во помали износи и трансферот на средствата е вршен директно на нивните банкарски или трансакциски сметки.Но не сме го пречекориме износот предвиден за таа намена во буџетот на Општината.

4.3.3-За забелешката дека за набавените материјали во износ 1 722 000 ден. не е приложена документација каде се вградени.Сите овие материјали се набавени со спроведена постапка за набавка. Приемот е вршен на лице место на објектот кој се вградува од надлежно овластено лице во Општината .За нивно вградување сме користеле работници,организации со договор за дело.Тоа сме го правеле од аспект општината да ја кошта помалку,а воедно и да ги вработиме и ангажираме сограѓани кои се без работа и без приходи.

За вградените материјали сега ви доставуваме опис каде се вградени.Заради евентуална проверка најодговорно тврдам дека

можеби во оваа постапка има неправилност ,но дека сите тие материјали се вградени на наведените места и во целата постапка нема никаква злоупотреба од било кој и било чија страна.

4.4.2 За забелешката за неспроведена постапка за јавни набавки коментарот е :

Многу набавки или извршени работи од страна на ЈП Солидарност за сметка на Општината не е спроведена директна постапка за јавна набавка бидејки Општината е основач на ЈП Солидарност кое работи по усвоена годишна програма усвоена од советот на Општината .А бидејки во составот на ЈП Солидарност има и градежна група -оператива,Општината е должна да помогне во опстојувањето на таа градежна група.Исто така во својата редовна активност ЈП Солидарност изведува и одржува водоводи и канализации и произведува бехатон плочки кои ги вградува по улиците и тротоарите во Општината .

Во целата оваа работа не гледам неправилност, а уште помалку можност за злоупотреба на било какви финсиски средства .Во прилог сакам да кажам дека ЈП Солидарност беше едно од поуспешните општински ЈП во Ребуликата со релативнна ниска цена на водата и губрарината.

4.4.3 За набавката на песок од фирмата "Голд Стар" Гоки-Виница со износ од 88 000 ден.

Песокот е користен на разни места во помали количини претежно за монтажа на бехатон плочки и е фактурирано на една фактура .Тоа се гледа од испратницата.

4.4.4 Набавка на разни стоки од "АСГ Комерц"-Виница од приложените испратници се гледа дека се вршени посепено набавки на материјали во помали износи и при секоја набавка на испратницата е потпишано лице од Општината кое ја извршило набавката.

4.4.5 За изведбата на земјени работи на улици во с.Лески и во с.Трсино и зголемениот износ во однос на она што е предвидено со постапката за јавни набавки и склучениот договор (331000-

188000=143000 ден).Во тоа време се асфалтираа наведените улици во с.Лески и с. Трсино-асфалтерските работи ги изведуваа АД " Гранит" а земјените работи "Баунвест"-Виница.И двете улици беа предвидени да се асфалтираат нецелосно (некаде до пола), но жителите на овие села интервенираа и бараа да се довршат улиците комплетно и да не се остават за мал износ незавршени и затоа ние одлучивме да ги довршиме комплетно за да не останат за други години.Затоа мораше итно да се реагира да се постави шљунакот за да може додека се машините за асфалтирање на лице место за да се постави комплетно асфалтот и да се довршат уличките .Од таму се јавува наведената разлика.

Се надевам дека овие мои коментари и забелешки се издржани и дека ке допринесат за разјаснување на некои делови од извештајот.

Поздрав

Марјан Костадинов

**ПРИЛОГ 2**

ОДГОВОР
на забелешки по констатациите од Нацрт извештаите за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2009 година кај Општина Виница

На Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи на општина Виница за 2009 година на – Сметка на основен буџет (637) добиени се забелешки од актуелниот градоначалник на општината, под број 05-368 од 16.11.2010 година заведени во Државниот завод за ревизија под број 12-199/10 од 18.11.2010 година.

Забелешките се доставени во законски утврдениот рок.

Забелешките се однесуваат на наодите од точките: 4.2.2., 4.3.1., 4.3.2. и 4.3.3.. Истите се разгледани и е утврдено следното:

Забелешката на наодот од **точка 4.2.2. не се прифаќа**, од причина што нема карактер на забелешка туку известување дека дел од ангажираните лица преку Агенција за времено вработување во 2010 година се вработени во редовен работен однос а за дел постапката е во тек.

Забелешката на наодот од **точка 4.3.1. делумно се прифаќа**, наодот се дополнува во правец на прецизирање на истиот, дека за дел од трансферите до невладини организации, Советот има усвоено програми за истите. Со забелешките се доставени во прилог програми за работа на дел од невладините организации (Општинска организација на Црвениот Крст, Општинска организација на Сојузот на борци и Центарот за подршка на лица со интелектуална попреченост – Порака Виница). Реченицата во наодот „Советот на Општина Виница донел одлуки за доделување на средства, без донесена Програма, без објавување на оглас за доделување на средства, без да ги добие и одобри програмите од барателите„ се надополнува „без да ги добие и одобри програмите за дел на барателите.
Во другиот дел наодот останува од причина што од страна Општина Виница нема донесено:

- програма за доделување на средства на здруженија на граѓани и фондации, спортски клубови, хуманитарни организации и останати невладини организации
- критериумите за распределба на средствата, и
- начинот на отчет за потрошените средства.

---

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ___________________________

*2.* ___________________________ ______________________

Забелешката на наодот од **точка 4.3.2. не се прифаќа**, од причина што нема карактер на забелешка туку известување дека е постапено по препораката дадена од ревизијата.

Забелешката на наодот од **точка 4.3.3. не се прифаќа**, од причина што за трошењето на материјалите и извршување на работите од страна на надлежните на општината не е дадена на увид документација со која се потврдува вградувањето на градежните и електроматеријали во конкретен објект (нема извештаи од надзорен орган, нема градежни книги, дневници, записници и слично). Не се води сметководствена евиденција за приемот и издавањето, поради што не се знае колку материјали се примени колку се издадени и употребени за потребите на општината.

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ______________________________

*2.* ______________________________ ______________________

**ПРИЛОГ 2**

ОДГОВОР
на забелешки по констатациите од Нацрт извештаите за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2009 година кај Општина Виница

На Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи на општина Виница за 2009 година на – Сметка на основен буџет (637) добиени се забелешки од градоначалникот на општината, кој за дел од периодот на ревизија, односно до 31.03. 2009 година бил одговорно лице, заведени во Државниот завод за ревизија под број 12-199/9 од 16.11.2010 година.

Забелешките се доставени во законски утврдениот рок.

Забелешките се однесуваат на наодите од точките: 4.3.1., 4.3.2., 4.4.2., 4.4.3.., 4.4.4. и 4.4.5. . Истите се разгледани и е утврдено следното:
Забелешката на наодот од **точка 4.3.1. и 4.3.2. не се прифаќа**, од причина што од страна на поранешниот градоначалник на ревизијата не и се доставени дополнителни релевантни докази кои би влијаеле на промена на ревизорското мислење туку е дадено објаснување како е постапувано при доделување на средства, на друштва и здруженија, спортски клубови, физичка лица и слично.

Забелешката на наодот од **точка 4.3.3. не се прифаќа**, од причина што за трошењето на материјалите и извршување на работите од страна на надлежните на општината не е дадена на увид документација со која се потврдува вградувањето на градежните и електроматеријали во конкретен објект (нема извештаи од надзорен орган, нема градежни книги, дневници, записници и слично). Не се води сметководствена евиденција за приемот и издавањето, поради што не се знае колку материјали се примени колку се издадени и употребени за потребите на општината. Во прилог на забелешките е доставен извештај за вградени материјали од раководителот на Одделението за заштита на животна средина, комунални дејности и локален економски развој додека за време на ревизијата не беа доставени никакви докази со кои ќе се потврди вградувањето на набавените материјали.

Забелешките на наодот од **точка.4.4.2.** за набавки без постапка за јавна набавка и тоа:
- песок од фирмата ЈТД „ГОЛД СТАР„ ГОКИ Виница за износ од 88 илјади денари, и
- набавка на разни стоки за изградба на патека Виница - Јакимово од фирмата„ АСГ - КОМЕРЦ„ ДООЕЛ Виница,

**не се прифаќаат**, од причина што истите се извршени без постапка за јавна набавка, а во забелешката само е наведено дека набавките се вршени во повеќе наврати за кои се испоставени неколку испратници, а е фактурирано во една фактура и не се доставени дополнителни докази кои би влијаеле на ревизорското мислење.

Забелешката на наодот од **точка 4.4.3. не се прифаќа**, од причина што на ревизијата не и се доставени дополнителни релевантни докази кои би влијаеле на ревизорското мислење. Поранешниот градоначалник објаснува која е причината и зошто уредувањето на градежното земјиште (изградба и реконструкција на улици ) е доверено на јавното претпријатија без спроведување на постапка за јавна набавка.

Забелешката на наодот од **точка 4.4.5. не се прифаќа**, од причина што за изведба на земјени работи на улица во с. Лески и во с. Трсино, на основа постапка за јавна набавка е склучен договор во 2008 година на износ 188 илјади денари. За оваа работа изведувачот фактурирал износ од 331 илјада денари што е спротивно на вредноста утврдена со договорот, што претставува непочитување на вредноста од договорот и создавање обврски на општината без соодветна документација. Оправданоста од таквото постапување градоначалникот ја оправдува со фактот дека жителите на овие села интервенирале и барале да се доврсшат улиците комплетно и да не се остават недовршени, и затоа било одлучено и покрај зголемениот износ истите да бидат довршени, без истото да се регулира во законски утврдена постапка.

**Прилог бр. 3**

## Резултати

од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2005 година за сметката на основен буџет (637) на Општина Виница

| Бр./врска на наодот/ препораката во конеч. изв. на ОДР | **Наод** | **Ревизорска област Препорака** | **Статус на препораката** | **Коментар на ревизорот/субјектот** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| | **5.1. Наоди кои се однесуваат на финансиските извештаи** | | | |
| 11.1.1. | 11.1.1. Градоначалникот на општина Виница нема донесено решенија за утврдување на бодовите согласно критериумите од Законот за државни службеници | Да се изготват решенијата за плата за вработените во општинската администрација согласно Законот за државни службеници | Спроведено | - |
| 11.1.2. | 11.1.2. Спротивно на одредбите од Законот за уредување на градежно земјиште и на Програмата за уредување на градежно земјиште и | Доследно да се почитуваат интерните акти и одлуки со цел наменско користење на средствата и реализирање | Спроведено | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | улици во општина Виница за 2005 година, надоместокот за комуналии во најголем број случаи го компензира со други услуги а не за уредување на градежно земјиште. | на планираните проекти. | | |
| 11.2.1. | 11.2.1. Годишниот извештај на општина Виница, усвоен од советниците не содржи извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средствата и нивната вредност, извештај за реализација на инвестиционите програми, наменските и капиталните дотации предвидени со член 34 од Законот за финансирање на ЕЛС. | При изготвувањето на годишниот извештај да се имаат во предвид обврските коипроизлегуваат од член 34 од Законот за финансирање на ЕЛС. | Спроведено | - |
| 11.2.2. | 11.2.2. Кај благајничкото работење постапувано е спротивно на Законот за платен промет и на одредбите за благајничко работење. | Општина Виница да донесе акт за благајничко работење во склад со позитивните законски прописи. | Спроведено | - |
| 11.2.3. | 11.2.3. Во одреден број случаи од | Финансиските трансакции | | - |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | фактурите и сметкопотврдите за угостителски услуги не е можно да се утврди за кого е услугата, сметкопотврди без датум, број и по кој повод е направена усгостителската услуга. | треба да се заснивaат на веродостојна, исправна и комплетна влезна документација. | Спроведено | |
| 11.2.4. | 11.2.4. Набавените материјали и ситниот инвентар не се евидентираат на залиха, ниту се евидентираат промените (прием и издавање) на материјалите и ситниот инвентар.<br>Документација за прием и издавање на материјалите не е изготвува ниту има задолжено лице за ракување со материјалите (освен за набавките).<br>Исто така ревизијата утврди дека набавените материјалите за тековно одржување на уличното осветлување, се чуваат во просторија во општинската зграда но за истите не се води сметководствена евиденција, ниту пак има утврдено начин на отчетност за лицето што врши набавки и нивно чување. | • Да се донесат интерни акти во кои јасно ќе бидат разграничени надлежностите<br>во однос на набавките, евидентирањето, чувањето и давањето во употреба на ситниот инвентар, и јасно утврдување на начините на усогласување и известување од различните нивоа на управување со залихите.<br>• Согласно Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници одделението за сметководство да воведе евиденција на набавениот ситен инвентар и неговото давање во употреба | Не спроведено | Се набавува само толку колку што е потребно и веднаш се дава во употреба |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Поради предходно наведеното, службите на општина Виница немаат увид во состојбата на залихите на материјали и ситен инвентар, нивното користење и вредност. | | | |
| 11.2.5. | 11.2.5. Општина Виница врши директни набавки на материјали (цемент, кабли, цигли, профили, плетиво и друго), кои дел се дадени како социјална помош на загрозени семејства, а дел се искористени за изградба на огради на мост или слично.. Набавките не се извршени според законот за јавни набавки, не постои документ со кои се потврдува нивното вградување во конкретен објект и слично. Овој начин на работење создава можност за зголемено, неконтролирано и ненамеско користење на средствата со кои располага општината. | Социјалните помошти да се исплаќаат како парични средства, а изградбата на објектида се довери на реномирани фирми избрани согласно законот за јавни набавки. | Не спроведена | И во 2009 година присутна е набавка на градежни и електро материјали од страна на општината кои се користата за потребите на општината |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 11.3.1. | 11.3.1. Поради погрешна примена на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, односно непримена на принципот на парично искажување на промените, извршено е преценување на вкупните приходи и вкупните расходи во износ од 13,266 илјади денари. Ова е резултат на евидентирање на компензации и цесии кои не се спроведени преку сметката на органот, односно преку сметката нема остварено ниту прилив, ниту пак одлив на парични средства. Непочитувањето на паричното начело на искажување на промените доведува до погрешно проценување на билансните позиции и изготвување на нереални финансиски извештаи. | Ревизијата не дава препорака по овој наод од причина што со воведувањето на трезорскиот систем на располагање на средствата, овие неправилности се надминати. | | Спроведено со воведувањето на трезорскиот систем на располагање на средствата |
| 11.3.2. | 11.3.2. Ставката Основни плати и надоместоци во Билансот на приходи и расходи е преценета за 156 илјади денари, за исплатените нето функционерски плати на секретарот на Советот и на | Исплатата на платите да биде во склад со одредбите од Законот за исплата на плати и надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и | Спроведено | Во општината нема секретар на совет и градски архитект |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | градскиот архитект, за кој износ е потценета потставката Основни плати - други вработени. Наведеното е спротивно на Законот за исплата на плати во Република Македонија. | на другите избрани и именувани лица за лицата кои имаат третман на функционери, а за останатите да се применуваат одредбите од Законот за исплата на плати во Република Македонија и Законот за државни службеници | | |
| 11.3.3. | 11.3.3. Ставката Основни плати и надоместоци е преценета во износ од 58 илјади денари, за кој износ е потценет вишокот на приходи над расходи, а поради:<br>- неосновано исплатениот паушален надомест на Градоначалникот спротивно на Законот за исплата на плати и надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и на другите избрани и именувани лица во износ од 49 илјади денари и<br>- платениот персонален данок на неосновано исплатените паушални надоместоци на градоначалникот во износ од 9 илјади денари. | Исплатата на надоместоците да биде во склад со одредбите од Законот за исплата на плати и надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и на другите избрани и именувани лица во Република Македонија, Законот за локална самоуправа и другата законска регулатива која ги регулира надоместоците. | Спроведено | Паушал не се исплаќа |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 11.3.4. | 11.3.4. Ставката Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт е преценета за износ од 30 илјади денари за кој износ е потценета ставката Вишок на приходи над расходи. Ова се должи на извршените набавки на ваучери за мобилни телефони за чија набавка не е донесена Одлука со која ќе се регулира потребата од набавка на истите и ќе се определат лицата на кои ќе им бидат дадени ваучерите на користење.<br>Општина Виница нема донесено акт со кој би се дефинирале критериумите кои лица може да користат службен мобилен телефон, месечниот износ кој би паднал на терет на расходите на општината и во кои случаи и за кого може да се врши набавка на ваучери | Надлежното одделение да донесе интерен акт со кој ќе се одреди на кои лица им следува користење на службен мобилен телефон и во истиот да се прецизира за кое лице до кој износ на трошоци ќе ги надоместува општината. | Спроведена | |
| 11.3.5. | 11.3.5. Од ставката Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт потрошени се средства во износ од 87 илјади денари за подмирување на фактури од „DINERS | Советот на Општина Виница да ја преиспита неопходноста од користење на платежни картички за плаќања на трошоци во земјата. | Спроведено | DINERS картичка е укината и повеќе не се користи |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | CLUB“. На фактурите не е назначено за какви потреби се извршените набавки. Не се знае дали се за потребите на општината или за лични потреби на корисниците на картичките. | | | |
| 11.3.7. | 11.3.7. Ревизијата не изразува мислење за реалноста и објективноста на искажаните расходи на ставката Наменски дотации во износ од 1,340 илјади денари бидејќи расходите се однесуваат за подмирување на угостителски и услуги за сместување на гости при одржување на Меѓународната фолклорна манифестација „Истибањско здравоживо„ која веќе 20 години традиционално се одржува во с.Истибања и е под покровителство на општина Виница.<br>Трошењето на средствата без соодветна програма како и без Одлука на советот создаваат можности за нивно ненаменско и нетранспарентно користење како и финансирање на настани кои не се | • Надлежните служби на општина Виница да донесат интерни акти за утврдување на критериуми за избор на културни спортски и други активности кои се од занчење за афирмирање на настани, личности и манифестации за зачувување на традициите од регионот на Општина Виница;<br>• да се утврдат критериуми за начинот и висината на средствата кои ќе се одобрат од буџетот на општина Виница за финансирање на овие манифестации и настани. | Спроведено | Има програма и извештај за меѓународната фолклорна манифестација „Истибањско здравоживо„ усвоени од советот |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | од значење за општината. | | | |
| 11.4.2. | 11.4.2. Ревизијата не изразува мислење за реалноста и објективноста на состојбата на ставката Активни временски разграничувања бидејќи истата како кореcподентна ставка на промените од сметките за евиденција на сите видови обврски не кореспондира со состојбите од споменатите сметки. | Надлежното одделение да изврши усогласување на состојбите на кореcподентните ставки. | Спроведено | |
| 11.4.3. | 11.4.3. Ставката Материјални добра и пририрордни богатства е преценета во износ од 141 илјади денари за кој износ е прецента ставката Извори на капитални средства, а поради евидентирање на земјиште за кое општина Виница нема податок каде се наоѓа, нема доказ за сопственост на истото. | Да се изврши усогласување на состојбата на оваа ставка согласно валидни докумнети за сопственост на недвижен имот (земјиште). | Спроведено | Земјиштето во износ од 141 илјада денари е избришано од евиденција поради непостоење на документација |
| 11.4.4. | 11.4.4. Проценетата вредност на ставката Материјални средства во билансот на состојба на ден 31 декември е нереална и | -Да се превземат мерки за евидентирање на завршените капитални инвестиции на соодветните | Спроведено | - Без технички прием објектите не се книжат на Градежни објекти<br>- Имотот добиен со делбен |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | необјективна од следниве причини:<br>- голем дел од капиталните инвестиции кои се завршени и дадени во употреба не се евидентирани на соодветни сметки;<br>- имотот добиен со делбен биланс со РМ не е евидентиран во 2009;<br>- средствата кои немаат сегашна вредност, кои се целосно отпишани не се евидентирани<br>- пресметувана е исправка на вредноста на материјалните средства во подготовка<br>- не е евидентиран имотот од ППЕ | сметки<br>- дасе евидентира имотот добиен со делбен биланс со РМ<br>- во сметководството да се евидентираат средствата кои немаат сегашна вредност<br>- да не се пресметува амортизација на материјалните средства во подготовка<br>- да се евидентира имотот од ППЕ | | биланс со РМ е евидентиран во 2009<br>- Средствата кои немаат сегашна вредност, кои се целосно отпишани повторно се евидентирани<br>- Не се пресметува исправка на вредноста на материјалните средства во подготовка<br>- Имотот од ППЕ е евидентиран |
| 11.4.5. | 11.4.5. Ставката Материјални средства во подготовка е нереално и необјективно утврдена во билансот на состојба, поради не е видентирање на соодветните сметки | • да се изврши разграничување на објектите кои се водат како материјални средства во подготовка кои се завршени, а кои не се завршени и нивно точно евидентирање | Не спроведена | Нема извршено технички прием на објектите |